# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

**Службен гласник на Општина Велес**

Излегува по потреба

www.veles.gov.mk

**Број 2 година LIX**

**09 февруари 2023 година**

**opve@veles.gov.mk**

**Бр.27**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавувањеРешение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за помош на Република Турција и Република Сирија за елементарна непогода-земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година**

Се објавува Решението за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за помош на Република Турција и Република Сирија за елементарна непогода-земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година, што Советот на Општина Велес го донесе на втората вонредна седница одржана на 08.02.2023 година.

Број 08-812/1
09.02.2023 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02), согласно член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2023 година („Сл. Гласник на Општина Велес“ бр. 23/22) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06,3/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 08.02.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за помош на Република Турција и Република Сирија за елементарна непогода-земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година**

1.Советот на Општина Велес определува финансиски средства од Буџетот на Општина Велес, во вкупен износ од 450.000,00 денари за елементарна непогода земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година и тоа

-Помошна Република Турција во висина од 300.000,00 денари
-Помошна Република Сирија во висина од 150.000,00 денари.

2.Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2023 година, Програма А0 – Совет на Општина Велес и Програма Д0 Градоначалник, Категорија 41, ставка 413, подставка 413110 – Тековни резерви (Разновидни расходи).

3.Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното Решение.

4.Ова Решение влегува во сила веднаш по донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Велес“.

Број 25-806/1
09.02.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р

**Бр. на акт** **Страница**

| | | |
|---|---|---|
| | | **44** |
| **27** | **З А К Л У Ч О Кза објавувањеРешение за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за помош на Република Турција и Република Сирија за елементарна непогода-земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година** | |
| | **Р Е Ш Е Н И Е за одобрување средства од Буџетот на Општина Велес за помош на Република Турција и Република Сирија за елементарна непогода-земјотрес кој се случи на ден 06.02.2023 година** | |

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095  Народна банка на РМ
Сметка на буџетски  корисник:  711014100963010
Приходна шифра и програма  725939 - 00